| MACEDONIAN FISHING FEDERATION<br>Add: Bulevar “KocoRacin” 75 Skopje, Republic of Macedonia<br>Tel/fax: +389 2 31 64 539<br>E.mail: | | МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА<br>Адреса: Бул. “ Кочо Рацин“ 75 Скопје, Република Македонија<br>Тел/факс: +389 2 31 64 539<br>E.mail:macfederation@yah |
|---|---|---|


**Метод Фидер Лига 2025 – трето и четврто Коло (натпреварувачки викенд)**

**Ревир: Акумулација Крушевско Езеро**

**ПРОГРАМА - Саатница:**

**27.09.2025 сабота (натпревар)**

- **до 07:00 –Пристигнување на тамкичарите и пополнување на пријави**
- **07:15 -Отворање на натпреварот и извлекување редослед и стартни места**
- **08:00- ПРВ СИГНАЛ - Пристап во натпреварувачко место**
- **08:30 – ВТОР СИГНАЛ – 5 минути до почетокот на контролата на храната и мамките од страна на судиите**
- **08:35 – ТРЕТ СИГНАЛ - почеток на контролата на храната и мамките од страна на судиите**
- **09:20 – ЧЕТВРТ СИГНАЛ - Почеток на обилно прихранување ( 10 минути )**
- **09:30– ПЕТТИ СИГНАЛ – Почеток на ловење риба**
- **14:25 – ШЕСТИ СИГНАЛ - 5 минути до крајот на ловење на риба**
- **14:30 – СЕДМИ СИГНАЛ – Крај на ловење на риба**

**28.09.2025 недела (натпревар)**

- **до 07:00 –Пристигнување на тамкичарите и пополнување на пријави**
- **07:15 -Отворање на натпреварот и извлекување редослед и стартни места**
- **08:00- ПРВ СИГНАЛ - Пристап во натпреварувачко место**
- **08:30– ВТОР СИГНАЛ – 5 минути до почетокот на контролата на храната и мамките од страна на судиите**
- **08:35 – ТРЕТ СИГНАЛ - почеток на контролата на храната и мамките од страна на судиите**
- **09:20 – ЧЕТВРТ СИГНАЛ - Почеток на обилно прихранување ( 10 минути )**
- **09:30 – ПЕТТИ СИГНАЛ – Почеток на ловење риба**
- **14:25 – ШЕСТИ СИГНАЛ - 5 минути до крајот на ловење на риба**
- **14:30 – СЕДМИ СИГНАЛ – Крај на ловење на риба**

**Правила и Пропозиции:**

**Натпреварот ке се оддржи во 3 зони по 6 позиции во сектор**

**Оние кои првиот ден натпреварувале во зона А , Б или Ц , вториот ден натпреваруваат во различна зона од првиот ден**

**Вкупната дозволена количина на мамки е 1 литар.**

**Дозволени се следниве мамки:**

**- глисти (црни црви);**

**- ларви од муви во сите облици (бели црви, пинки, кастери и сл.);**

**- ларви, свилена буба и нејзини ларви, големи црви, големи кастери;**

**- пченка и гранули од пченка;**

**- семе од коноп;**

**- боили (до 10 мм);**

**- пелети и слично (до 11 мм).**

**Нема ограничување за вкупната количина на пелети, боили, поп-ап, вафтерси, дамбелси и**

**сл. кои се користат како мамки, но тие мора да се презентираат во своите оригинални**

**пакувања и не смеат да се мешаат со прихраната.**

**Вкупна дозволена количина на прихрана, вклучувајќи ги и додатоците е 20 литри.**

**Во додатоци се подразбира земја, глина, чакал, ризла, разни житарици, пченка, пченица,**

**коноп, спод микс, пелети, боили со било која големина, адитиви и слично.**

**Прихраната треба да е во влажна и просеана состојба.**

**Електрични уреди за мешање, сечкање и сл., на прихраната, дозволени се само пред**

**проверка на прихраната.**

**Доколку се прихранува за време на натпреварот , ловната трска мода да биде надвор од вода**

**На риболовната трска која се користи за прихрана, може да се користи плетен конец**

**Риболовната трска со која се прихранува не смее да се користи за ловење на риби.
За време на натпреварот оваа трска мора да биде надвор од водата, да стои одвоено од останатите трски и не смее да има монтирано јадица на нејзе**

**На системот за ловење дозволено е да се користи само една еднокрака јадица без повратна кука со максимална големина на бр.10. Максималното растојание помеѓу врвот и телото на јадицата е 7 мм. Дозволената раздалеченост помеѓу хранилката и јадицата е максимално 25 цм и може да се користи плетен или најлонски конец. Минималното растојание не се ограничува**

**Комисија:
Претседател: Гоце Симјановски
Членови: Мартин Спасовски , Џурковски Злате , Никола Кметовски , Дејан Николов**